UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

| | |
|---|---|
| **Study program** | **Меѓународни комуникации (2022/2023)** |
| Факултет | Јазици, култури и комуникација |
| Циклус на студии | Втор циклус (Постдипломски) |
| ЕКТС | 120 |
| Код | N-MIC120C |
| Титула | Магистер по меѓународни комуникации |
| Архивски број на акредитација [120] | 03-1328/3 |
| Решение за почеток со работа | |
| Датум на акредитација | 04.05.2022 |

## Опис на програмата

Програмата **Меѓународни комуникации** е дизајнирана да придонесе за современо специјалистичко образование и за развивање на научно-истражувачки капацитети. Притоа студентите ќе бидат подготвени да ги планираат, да ги раководат и да ги спроведуваат комуникациите на современи институции и организации во однос на европските и евроатлантските организации и поопшто во меѓународните односи и дипломатијата.

Програмата е дизајнирана според најсовремените трендови од областа на апликативните комуникации во меѓународен контекст и таа претставува надополнување и континуитет на додипломската програма Меѓународни комуникации понудена од Факултетот за јазици, култури и комуникација при УЈИЕ.

Целта на оваа програма е да се подготват студентите како идни научни истражувачи и/или експерти коишто ќе бидат способни да ги анализираат комуникациските феномени и процеси во меѓународен контекст, да ги проучуваат меѓународните медиуми, да ги анализираат и да ги интерпретираат политичките и социјалните процеси од аспектот на трендовите на меѓународните комуникации итн.

Со интеграцијата во Европската унија и во НАТО на земјите од регионот, владините и невладините институции во земјите-членки или во земјите-кандидати имаат потреба повеќе од кога и да било за експерти и специјалисти од областа на меѓународните комуникации кои ќе ги спроведуваат комуникациите меѓу соодветните единици и оддели на институциите со центрите во Брисел, со институциите на другите земји.

Целите на оваа програма се студентите:

- Да стекнат знаења за менаџирање на процесот на комуницирање во меѓународен контекст.
- Да планираат меѓународни комуникации со меѓународните организации и во рамките на меѓународните организации.
- Да спроведуваат меѓународни комуникациски кампањи.
- Да евалуираат резултати од меѓународните комуникации меѓу институциите во меѓународни односи.
- Да вреднуваат дипломатски односи и функции меѓу земји и институции во однос на комуникациите.

- Да стекнуваат знаења за различните теории за комуникациите, меѓукултурните комуникации и лидерството во меѓународните комуникации, за научно-методолошки прашања поврзани со комуницирањето во меѓународен контекст, како и аналитички и креативни вештини за преговарањето.
- Да стекнуваат практично знаење за анализирање на меѓународните комуникации меѓу институциите, земјите и групите и разбирање за начинот на функционирање на меѓународните медиуми, практиките на меѓународниот менаџмент, лидерството, пораките во меѓународните комуникации, како и да ги развиваат ефективните вештини и комуникациските кампањи во процесот на меѓународна комуникација.

## Кариера

По завршување на магистерската програма по **Меѓународни комуникации** студентите може да работат како научни истражувачи или обучувачи од областа на меѓународните комуникации, како и да се вработат како менаџери, специјалисти, консултанти и советници за комуникации или/и меѓународни комуникации во:

- меѓународни организации,
- амбасади,
- мултинационални корпорации,
- медиуми,
- агенции за односи со јавноста,
- дипломатски мисии,
- невладини меѓународни организации итн.

## Резултати од учењето

### Знаење и разбирање

- Стекнување знаење и разбирање на комуникацискиот процес воопшто и поседување продлабочени знаења за главните теории и пристапи од меѓународните комуникации.
- Стекнување напредни познавања за: меѓународните комуникациски модели, видовите комуникациски кампањи и стратегии за односи со јавност, основните карактеристики на дипломатијата и начинот на функционирање на меѓународните организации.
- Развивање аналитичко и критично мислење за меѓународните комуникациии за нивните стратегии и тактики.
- Оригиналност во применување на автономни идеи за создавање комуникациска порака во меѓународни и дипломатски односи како и компетентно пишување и зборувањево јавност и во приватна атмосфера за прашања поврзани со меѓународните комуникации.
- Утврдување стратегија за развивање на комуникацијата со (и во рамките на) меѓународните организации и особено објаснување и класифицирање комуникациски модели и алатки во развивањето и во примената на меѓународните комуникации.
- Стекнување напредно практично искуство за меѓународна комуникација.

### Примена на знаењето и разбирањето

- Разрешувањето на конфликтите меѓу две или повеќе страни.
- Да планираат, да раководат и да вреднуваат истражувачки проекти од областа на меѓународните комуникации и да бидат аналитични во областа на меѓународната комуникација.
- Да имаат способност за одржување професионални и институционални комуникации со меѓународни учесници и институции и да развиваат односи за јавноста и комуникациски кампањи на национално и глобално ниво.
- Да имаат способност да управуваат и да вреднуваат програми и позиции на разни меѓународни институции и да водат тренинзи и да даваат експертски совети за комуникациски вештини од национален и меѓународен аспект.
- Детално да ја организираат и да ја структурираат содржината на комуникациската порака во нејзините главни сегменти во меѓународен контекст: информираност, свесност, убедување, повратна информација и транспарентност.
- Да набљудуваат, да истражуваат и да анализираат одредени комуникациски ситуации при комуницирањето во меѓународните односи и дипломатијата за прашања поврзани со меѓународните медиуми, лидерството и комуницирањето, меѓукултурната комуникација, глобализацијата и новите медиуми.

### Способност за проценка

- Способност за процена и за избор на стратегии во меѓународните комуникации и поконкретно способност за процена и за избор на каналите и моделите за комуницирање со меѓународните институции и во нивни рамки.
- Право на избор на формите на меѓународните комуникациски кампањи, работата со меѓународните медиуми и вреднување на најсоодветните нови медиуми за одредена комуникациска порака при процесот на меѓународното комуницирање.
- Одлуки за селекција на аргументите и фактите за ефективна комуникациска порака во меѓународните односи, дипломатијата и во преговарањето.
- Идентификација на силните и на слабите страни во менаџирањето на одредени комуникациски стратегии во меѓународниот контекст.
- Способност да се вклучуваат на професионално ниво во медиумски и други јавни дебати и да ги аргументираат своите ставови, поткрепени со факти, за теми поврзани со комуникациите, новите медиуми, објективноста во меѓународните комуникации, креирањето на јавното мислење итн.

**Комуникациски вештини**

- Да планираат, да спроведуваат и да вреднуваат презентации на нови идеи, концепти и стратегии од областа на меѓународната комуникација.
- Да составуваат агенда за комуницирање на пораки, идеи и на одлуки на институциите и организациите во практикувањето на меѓународните комуникации.
- Да имаат напредни познавања на странските јазици за меѓународната комуникација на академско ниво.
- Да даваат јасна и кохерентна професионална презентација за некоја тема или задача поврзана со меѓународните комуникации употребувајќи референтни примери и решенија.
- Да користат напредни извори за понатамошно усовршување и за имплементација на стекнатите знаења.
- Професионално и елоквентно медиумски да се изразуваат, како и да стекнат вештини за јавно говорење за прашања и теми поврзани со меѓународните комуникации.
- Да организираат, да водат и да развиваат професионални дебати и професионално/експертски да дебатираат на теми поврзани со меѓународните комуникации.
- Специјалистите по меѓународни комуникации да креираат стратегии за комуницирање во меѓународна средина, да применуваат соодветни тактики и алатки за реализација на меѓународните комуникациски стратегии и планови, да олеснуваат и/или да посредуваат при преговори за разрешување некој конфликт од комуникациска природа во меѓународен контекст.

**Вештини на учење**

- Да поседуваат професионална/експертска способност да прават анализи од областа на меѓународната комуникација и да користат научна литература и преглед од други автори.
- Да ги продлабочуваат теоретските знаења преку проблематизирање на разновидни комуникациски ситуации во меѓународните односи, дипломатијата и преговорите
- Да формулираат истражувачко прашање и да изработуваат прашалници како и други научни методи при научни истражувања од областа на меѓународните комуникации.
- Да ја анализираат  публиката/јавноста.
- Да преземаат иницијативи и одговорност за креирање глобални комуникациски политики во институциите.

## Листа на предмети

### Семестар 1

- [MIC-102] [6.0 ЕКТС] **Напредна комуникациска теорија**
- [CM172] [6.0 ЕКТС] **Глобална и меѓународна комуникација**
- [CM173] [6.0 ЕКТС] **Масовни медиуми, општество и јавно мислење**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

### Семестар 2

- [CM174] [6.0 ЕКТС] **Теории на конфликти и преговори**
- [CM175] [6.0 ЕКТС] **Стратешко политичко водство и комуникација**
- [MIC-203] [6.0 ЕКТС] **Меѓународни односи**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

### Семестар 3

- [MIC-101] [6.0 ЕКТС] **Методологија на истражување**
- [MIC-301] [6.0 ЕКТС] **Дипломатија: теорија и практика**
- [CM176] [6.0 ЕКТС] **Масовни медиуми и политичка комуникација**
- [CM177] [6.0 ЕКТС] **Теории за односи со јавноста**
- [6.0 ЕКТС] **Изборен предмет**

### Семестар 4

- [MIC-400] [30.0 ЕКТС] **Магистерски труд**

## Description of courses

### Задолжителни предмети

- **Напредна комуникациска теорија**
  Во рамките на предметот се истражуваат теориите на комуникација, нивната анализа во дискурсите и наративната анализа. Се анализира и човекот или личноста преку моделот на дискурсот, кој пред нас ги донесува едукативниот модел и културните карактеристики на автентичноста.

- **Глобална и меѓународна комуникација**
  Студентите ќе стекнат продлабочени знаења за современите теории на глобалната и меѓународната комуникација, ќе може да прават стратегија за ефективна глобална комуникација од аспект на примена на општествено-културолошките карактеристики на конструкција и организација на комуникациската порака како и од аспект на влијание врз глобалната публика, односно меѓународната јавност. Студентите ќе ги анализираат и современите културолошки феномени на глобалната комуникација како што се глобализацијата, мултикултурализмот, интеркултурализмот и културниот идентитет во конкретни комуникациски реалитети.

- **Масовни медиуми, општество и јавно мислење**
  Масовните медиуми играат важна улога со тоа што им даваат до знаење на поединците што мислат другите луѓе и им даваат на политичките лидери голема публика. На овој начин медиумите овозможуваат јавното мислење да опфати голем број поединци и широки географски области. Дискурзивното проучување на организациите за масовни медиуми, како тие функционираат и го вршат своето влијание врз поединците и општеството, овозможувајќи им на студентите да имаат познавања и да станат самокритични потрошувачи на содржини за масовни медиуми. Акцентот ќе биде ставен на оние медиуми кои се занимаваат со известување и коментирање вести и јавни работи, особено печатот, телевизијата и дигиталните медиуми. Овој предмет ги опфаќа функциите, принципите, теориите, концептуалните алатки и методите што се користат за разбирање на улогата на медиумите во општеството. Предметот има за цел да го заостри разбирањето на студентите за процесите и функциите на медиумите во политиката и владата, да ги разјасни теориите и ефектите на медиумите врз јавното мислење и политичките процеси, да развие разбирање за практиката и влијанието на политичката комуникација, зрело разбирање на факторите кои влијаат врз вестите, обезбедување, однапред разбирање на улогите што ги играат медиумите во различни политички и владини потфати и критичко оценување на медиумските перформанси во однос на политиката и општеството.

- **Теории на конфликти и преговори**
  Се учат теориите на конфликтите и напредните техники на преговарање, препознавање на не-фер тактиките со цел креирање на реципрочно корисни ситуации. Во фокусот на предметот се видовите на конфликтите, теоретските модели за разрешување на конфликтите, теоријата на преговарање со нејзината практична примена поврзани со планирањето на преговорите, улогата на Третата страна, креирање и водење стратегија за преговори за разрешување на одреден спор, итн.

- **Стратешко политичко водство и комуникација**
  Модерната политичка комуникација има тенденција да ги претстави лидерите како клучни актери во проектирање на политичка визија и нудење решенија. Како одговор на ваквите случувања, научниците се вратија на систематски начин да ја проучуваат улогата на лидерите. Во либералната демократија, улогата и

перформансите на политичките и политичките лидери имаат длабоки импликации за водењето на политиката, природата на демократијата и резултатите од јавната политика. Во рамките на овој предмет се разгледуваат начините на кои лидерите можат да влијаат врз општеството преку низа перспективи. Тие вклучуваат испитување на улогата и влијанието на медиумите и како лидерите можат да ги користат комуникациските стратегии за да мобилизираат промени во политиката, како и улогата и моќта на партиите и нивното влијание врз политичките и политичките дебати. Прашања за тоа кои вештини и особини му овозможуваат на поединецот да остварува политичко лидерство, исто така, може да се најдат во различни области како што се политичката психологија, анализа на донесување одлуки, родови студии, студии за комуникација. Овој предмет има за цел да воспостави „дијалог" помеѓу вакви различни дисциплински и методолошки пристапи со цел да се развие нова и оригинална агенда за истражување за стилот и комуникацијата на политичкото лидерство. Преку предметот се разгледува користењето на политичкото рекламирање и стратешката политичка комуникација од владите и политичките актери. Особено акцент е ставен на употребата на стратегиските пристапи за лидерство во либералните демократски системи.

- **Меѓународни односи**
  Во рамките на предметот ќе се изучуваат напредните концепти и ќе се истражуваат напредните процеси и феномени во меѓународните односи. Во фокусот на предметот е изучувањето и анализирањето на природата, динамиката и структурата на системот на меѓународните односи и на неговиот развој од перспективата на секоја од доминантните теории на меѓународните односи, кои обично ги толкуваат на сосема спротивставен начин случувањата на меѓународната сцена. Освен изучувањето на доминантните теории од областа на меѓународните односи, во рамките на предметот ќе се анализираат и современи политички и безбедносни проблеми во светот денес од погледот на секоја од теориите на меѓународните односи.

- **Методологија на истражување**
  Предметот е фокусиран на проблемите на квантитативните и квалитативните методи и техники и на магистерската теза, нејзината структура и нејзините стандарди. Во рамките на предметов се опфаќа и селекцијата на прибраниот фактографски материјал, а неговата анализа и научна интерпретација претставуваат значајна компонента за испитувањето на причинско-последичните односи.

- **Дипломатија: теорија и практика**
  Во фокусот на предметот се: теоретските и практичните објаснување на пристапите во дипломатијата, дефинирањето на надворешно-политичката состојба, местото, изборот и средствата во креирањето на дипломатијата, облиците на односите и релациите во меѓународната заедница, како и на креирањето конкретни видови стратегии со примена на одделни техники и вештини и алтернативни методи. Притоа од особено значење ќе биде разработката на компаративните дипломатии на одделни земји во однос на добрососедската политика, нерешените проблеми од регионален аспект и отворените прашања на глобално ниво.

- **Масовни медиуми и политичка комуникација**
  Овој предмет дава преглед на сложениот однос помеѓу политиката и масовните медиуми и служи како вовед во тоа како научниците за комуникација ја изучуваат политичката комуникација. Студентите ќе ја истражуваат политичката содржина на масовните медиуми и ќе го продлабочат академското и практичното разбирање на актерите и агенциите вклучени во производството на политички вести и информации. Предметот го испитува влијанието на медиумското покривање на политиката врз публиката и ја истражува интеракцијата помеѓу медиумските системи и политичките системи, вклучително и владината медиумска политика, регулатива и сопственост. Студентите ќе бидат опремени со вештини за истражување и учење потребни за извршување професионални и академски истражувања базирани на проекти. Предметот ја истражува улогата на комуникацијата која брзо се развива во политичкиот живот, и на национално и на меѓународно ниво, и испитува како промените како што се зголемената важност на новите платформи на Интернет и социјалните медиуми, политиката базирана на слики и глобализацијата на медиумите ја обликуваат политиката. Политичката комуникација и масовните медиуми го разгледуваат влијанието на актерите во процесот на политичка комуникација, вклучително и политичари, новинари и граѓани, со помош на врвни истражувања и студии на случај.

- **Теории за односи со јавноста**
  Односите со јавноста се динамично и брзо растечко поле кое нуди разновидни патеки за кариера. Без разлика дали се работи за градење јавен имиџ за организацијата, развивање стратегии за вести и социјални медиуми или управување со прашања за компанија или политичка партија, се потребни силни комуникациски вештини и добро разбирање на процесите за односи со јавноста. Иако значителен дел од овој предмет се

базира на теорија, токму комуникациската теорија има практична примена. Комуникацијата е основен процес кој создава и развива односи, заедници, општества. Преку критички осврт, предметот ќе им овозможи на студентите да истражуваат практични проблеми и можности за односи со јавноста што влијаат на полето преку примена на теоријата за односи со јавноста. Студентите ќе разговараат за прашања и трендови за односи со јавноста, како и меѓународни и етички размислувања вклучени во практиката на односи со јавноста. Цели и резултати на предметот: - Да се истражи градењето теорија за односи со јавноста од историски и современи перспективи. - Да го искористи откривањето на теоријата за односи со јавноста за да ги испита проблемите и можностите за односи со јавноста во пракса, преку применети анализи на студија на случај. - Да се примени теоријата за односи со јавноста како основа за развој на соодветни стратешки насоки за општествена одговорност на организациите (непрофитни и профитни) на глобално ниво. - Да се развие област на експертиза во политичките односи со јавноста.

- **Магистерски труд**
  По положувањето испити, студентот може да ја започне постапката на поднесување, подготвување и јавна одбрана на магистерската теза. Студентот избира ментор, со чии инструкции го подготвува барањето за магистерската теза. Барањето мора да биде дозволено од Наставно-научниот совет на Факултетот. По подготвување на конечната верзија на магистерскиот труд, Наставно – научниот совет на Факултетот формира трочлена комисија, која го подготвува извештајот, со кој се прифаќа или се одбива магистерскиот труд. Позитивниот извештај се одобрува од Наставно – научниот совет и се утврдува датумот за јавна одбрана. По успешното завршување на одбраната студентот стекнува диплома – Магистер по меѓународни комуникации.

## Изборни предмети

- **Нови медиуми и стратешка комуникација**
  Предметот е дизјниран со цел на студентите да им понуди сеопфатен преглед на улогата, аспектите и значењето на новите медиуми и современата комуникациска стратегија. Предметот ги продлабочува знаењата на студентите од областа на социјалните медиуми за стратешка комуникација, а креативните стратегии и апликации базирани на истражување ги учат студентите на вештини и принципи потребни за користење на социјалните медиуми во кампањи за ефективна комуникација.

- **Современа политика, масовни медиуми и новинарство**
  Студентите ќе ги прошират своите знаења од областа на политичката комуникација преку анализата на влијанието на современата политика врз средствата за масовна комуникација и работата на новинарската дејност во насока на примена на професионалните критериуми и етички принципи во организација и дистрибуцијата на медиумската порака до масовната публика. Целта на програмата е студентите да ги анализираат медиумите од аспект на влијание, улога функции и значење врз развојот на демократските процеси во општеството и профилизација на политичките субјекти, нивната партиципативна улога во политичките процеси, анализа на политичката кампања и детектирање на елементите на политичката пропаганда.

- **Медиуми и политика**
  Овој предмет дава преглед околу улогата на медиумите и политиката. Не само што односите меѓу медиумите и политиката се повеќе се оспоруваат и дебатираат, туку политичката акција и комуникација се одвива во нови типови на медиуми кои не постоеле порано. Овие случувања ги менуваат односите меѓу граѓаните, политичарите и медиумите. Новите медиуми, „новите типови“ политичари и новите форми на граѓански активизам ги предизвикуваат традиционалните пристапи и обезбедуваат плодна основа за истражување на национални и меѓународни случаи и трендови, како и за споредување на случувањата низ земјите и контекстите. Предметот ги воведува клучните теоретски пристапи за проучување на зголемената хибридизација на медиумите и политиката и ги става актуелните трендови во историска и компаративна перспектива. Клучните теми вклучуваат односи меѓу медиумите и државата, изборни кампањи, активизам на социјалните медиуми и настапи на политичари. Предметот, исто така, истражува како се развива рутинската политика и политичкиот активизам со и во разновиден медиумски пејзаж. Посебен акцент е ставен на тоа како граѓаните и социјалните движења ги користат медиумите во политичките борби. Притоа, ќе се фокусираме на неколку широки теми: односот помеѓу медиумите и владата; промените во медиумската средина во последните две децении, процесот на создавање на вести и обликувањето на содржината на политичките вести и ефектите на медиумите врз јавното мислење и однесувањето при гласањето.

- **Комуникација и социјална интеракција**

Комуникацијата е социјална интеракција со поединци кои постојано ги менуваат своите сигнали како одговор на историјата на непосредната интеракција и како одговор на историјата на општествените односи меѓу поединците. Проучувањето на социјалната интеракција вклучува внимателна процена на практиките на секојдневно комуницирање помеѓу луѓето во различни (обично) реални животни контексти, како што се посети лекар-пациент, организации и комуникација човек-компјутер. Целта на овој предмет е студентите да го прошират разбирањето за улогата на јазикот и комуникацијата во социјалната интеракција и изградбата на идентитетот и да ја зголемат свесноста за јазичниот избор и нивните последици. Темите вклучуваат различни пристапи за проучување на комуникацијата во социјалната интеракција, начини на кои јазикот и комуникацијата се користат за изградба на социјален идентитет (на пример, раса, пол, статус) и прашања во врска со јазикот и културата (на пример, промена на кодови и став). Во прилог на обезбедување концептуална рамка со која треба да се размислува за комуникација и интеракција, овој предмет ќе обезбеди искуство во набљудување и анализа на тоа како вербалното и невербалното однесување се донесуваат и разбираат во социјалните ситуации.

- **Меѓународен менаџмент: теорија и практика**
  Во рамките на предметот е опфатено следново: објаснување на процесот на менаџментот и начинот на негово организирање и функционирање во меѓународни услови, примена во меѓународни претпријатија, спроведување меѓународна деловна соработка и партнерство.

- **Меѓународни комуникации и социјални мрежи**
  Цели на предметот: Поврзаност на меѓународната комуникација и социјалните мрежи, преку: - Компаративен пристап и практични примери за позитивните и за негативните страни кои произлегуваат од оваа поврзаност. - Анализа на динамиката на односите меѓу социјалните мрежи и изградбата на меѓународната комуникација. - Влијанието на социјалните мрежи во различни политички и културни клими. - Примена на социјалните мрежи при воспоставување на подобра меѓународна комуникација преку практични примери.

- **Меѓукултурна комуникација**
  Ќе се изучува важноста на теоријата за културата и културата во комуникациски контекст. Идните магистри треба да ги познаваат теоретските и практичните аспекти на меѓукултурната комуникација и да стекнуваат сознанија за различни културни контексти и средини, гледано сето тоа од комуникациски и епистемолошки поглед.

- **Дигитална медиумска писменост**
  Овој предмет има за цел да ја прошири и усоврши способноста на студентите да ја користат дигиталната технологија, алатките за комуникација и интернет, креативно, критички и безбедно, а воедно и да обезбеди поддршка при нивниот развој, учење и капацитет за ефективно учество во деловниот, социјалниот и во заедничкиот живот.

- **Меѓународни односи со јавноста и глобална комуникација**
  Студентите ќе стекнат продлабочени знаења за современите теории на глобалната и на меѓународната комуникација, ќе може да подготвуваат стратегија за ефективна глобална комуникација од аспект на примена на општествено-културолошките карактеристики на конструкција и организација на комуникациската порака како и од аспект на влијание врз глобалната публика, односно меѓународната јавност. Студентите ќе ги анализираат и современите културолошки феномени на глобалната комуникација како што се глобализацијата, мултикултурализмот, интеркултурализмот и културниот идентитет во конкретни комуникациски реалитети.

- **Планирање на комуникациите**
  Предметот има за цел да ги оспособи студентите да изработуваат комуникациски план согласно современите комуникациски принципи, да ги анализираат комуникациските планови во различни комуникациски реалности - институциите, компаниите и граѓанскиот сектор, како и да прават разлики помеѓу елементите на комуникациски и медиумски план и комуникациска стратегија. Примената на предметот - Планирањето на комуникациите ќе им овозможи ефективна професионална комуникација и успешна комуникациска стратегија во развивањето на организациската комуникација.